РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 09-410/1
09.03 2023 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги бр.08-2347/24 од 28.12.2022 година („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 16/22), Градоначалникот на Општина Богданци, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

Општина Богданци ќе обезбеди средства од Буџетот на Општина Богданци за 2023 година за финансирање на активности од областа на социјалната заштита, во облик на спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓани изложени на социјални ризици за периодот од месеците април-декември 2023 година.

Вкупниот износ на субвенцијата ќе изнесува 300,оо денари месечно за секој корисник и е составена од две компоненти тоа:

1. покривање на трошоците за потрошена вода за пиење од 300,оо денари за секој корисник на услугата односно субвенцијата или
2. покривање на трошоците за ѓубретарина од 300,оо денари за секој корисник на услугата односно субвенцијата

Субвенционирањето ќе можат да го користат само за едната компонента.

Право да поднесат барање за субвенционирање од средствата на Буџетот на Општина Богданци имаат:

- Лица корисници на социјална парична помош;
- Да е корисник на услуги од ЈП „Комунална Чистота“ Богданци,

Со барањето за субвенционирање на трошоци за комунални услуги се доставува следната документација:

- Потврда дека е корисник на социјална парична помош;
- Потврда за користење на услуги од ЈП „Комунална Чистота“ Богданци;
- Лична карта (на увид);

Заинтересираните лица своите барања можат да ги достават директно во архивата на општина Богданци или преку пошта, на адреса : Општина Богданци ул.„Маршал Тито“ бр.62 Богданци;

Јавниот оглас ќе трае 15 дена од денот на објавувањето, а барањата ќе можат да се достават најдоцна до 24.03.2023 година до 16 часот во архивата на Општина Богданци.

**Градоначалник**
**на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БОГДАНЦИ